# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5096.**

Врз основа на член 184-б став (2) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/2014 и 15/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 14.10.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ КОИ ДАВААТ МИСЛЕЊЕ ВО ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

Член 1

Во Правилникот за содржината, начинот на водење и постапката за запишување на овластените ревизори во регистарот на овластени ревизори кои даваат мислење во постапка на одобрување на зделка со заинтересирана страна („Службен весник на РМ" бр.67/2013 и бр.84/2014) во член 3 став (2) по последната алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„- доказ за уплата на пропишаниот надоместок за упис во регистарот на овластени ревизори".

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината, начинот на водење и постапката за запишување на овластените ревизори во регистарот на овластени ревизори кои даваат мислење во постапка на одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 03-1162/5<br>14 октомври 2015 година<br>Скопје | Комисија за хартии од вредност<br>на Република Македонија<br>Претседател,<br>м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |

**5097.**

Врз основа на член 184 точка с) и член 190 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/2014 и 15/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 14.10.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА МИСЛЕЊЕТО ШТО ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР ГО ДАВА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА КАЈ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЧИИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОТИРААТ НА БЕРЗА**

Член 1

Во Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза („Службен весник на РМ" бр.67/2013) во член 2 зборовите „надминува 10%" се заменуваат со зборовите: „изнесува 10% и повеќе".

Член 2

Во член 4 став (3) четвртата алинеја, зборовите: „со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна" се бришат.

Член 3

Во член 4 се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Заклучокот од став (3) од овој член задолжително содржи препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

Член 4

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 03-1170/5<br>14 октомври 2015 година<br>Скопје | Комисија за хартии од вредност<br>на Република Македонија<br>Претседател,<br>м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**5098.**

Врз основа на член 54, став (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15 и 129/15), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКАТА, ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УВОЗ НА ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИ ШТО ГИ ИСПОЛНУВААТ ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ КАКО ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за издавање на мислење, формата и содржина на барањето, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по поднесено барање на странка, за производство и увоз на додатоци на исхрана, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како додатоци на исхрана.

Член 2

Операторот со храна (во натамошниот текст подносител на барањето) до Агенцијата за храна и ветеринарство поднесува барање за добивање мислење за се-